Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
„Мануш турновски“ – Ново Село
Бр. 08-395/1 од 12.08.2025 г.

# 29. Програма за екскурзии

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година донесен од министерот за образование и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село за учебната 2025/2026, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, во состав Владо Ефтимов– Директор, Софче Делева – психолог и одделенските раководители на III одделение изготви:

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од III одделение**
**на деветгодишно основно образование**

ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, со учениците од III одделение во учебната 2025/26 година планира да изведе еднодневна екскурзија во есен 2025 година или пролет 2026 година.

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**
**ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ ЗА**
**УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**Време на реализација: мај 2026 год.**
**Учесници:** ученици од III одделение од ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село
**Релација:** Ново Село – Скопје
**Место на тргнување:** училишниот двор на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село
**Превоз и патување:** превозот на учениците ќе се врши со автобус

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Воспитно-образовни цели**

Со реализација на оваа наставна екскурзија, со општ воспитно-образовен карактер, цел на оваа екскурзија е да се повторат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, како и да се подлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .

- повторување и утврдување на стекнатите знаења,
- стекнување на суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста
- изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и државата, кон другите народи и држави
- подлабочување на  интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

## ЗАДАЧИ

**Образовни**

Стекнување и проширување со нови знаења и утврдување на веќе стекнатите во корелација со повеќе наставни содржини и предмети од општествените и природните науки кои се изучуваат во основното образование или поконкретно со:
-посети градот Скопје со следниве локалитети и објекти: Спомен куќата на Мајка Тереза, Кањонот Матка, Скупи, Плоштад Македонија, Старата чаршија и Аеродром-Меѓународен аеродром Скопје .
Стекнување со знаења од животот и работата и културните навики и односи на луѓето во наведените подрачја и градови и со природните убавини на нашата татковина (занаетчиство, трговија, сообраќај, туризам, и сл.)

**Воспитни:**

- воспоставување на блиски, непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив
- развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности
- поттикнување и исполнување на позитивните емоционални доживувања
- социјализација и осамостојување

**Кодекс на однесување на учениците за времетраење на екскурзијата**:
- задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија;
- достојно претставување на своето училиште, градот;
- забрана за консумирање алкохол и други недозволени суспстанции;
- забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета;
- забрана за оддалечување од групата;
- почитување на наставниците, соучениците и изведувачот на екскурзијата.

## *ВРЕМЕТРАЕЊЕ*

Наставно-научната екскурзија Еднодневна научна екскурзија" за III одделение ќе се реализира во времетраење од еден ден.

## *ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ*

### *1 ДЕН*

За екскурзијата со учениците од трето одделение со договор на одделенските наставници се избра да се посети градот Скопје со следниве локалитети и објекти: Спомен куќата на Мајка Тереза, Кањонот Матка, Скупи, Плоштад Македонија, Старата чаршија и Аеродром- Меѓународен аеродром Скопје.

- Поаѓање во 07:00 часот од Ново Село
- посета на Спомен куќата на Мајка Тереза
- посета на Зоолошка градина
- посета на Кањонот Матка
- посета на Скупи
- посета на Плоштад Македонија
- посета на Старата чаршија
- посета на Аеродром- Меѓународен аеродром Скопје
- тргнување кон Ново Село во вечерните часови.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите на жиро сметка на агенцијата што ќе биде избрана за изведување на екскурзијата. Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на трето одделенија.

Стручен тим за подготовка на Програмата
за наставно-научна екскурзија за учениците
од III одделение од деветгодишно образование
Директор – Владо Ефтимов

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година донесен од министерот за образование и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село за учебната 2025/2026, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ “Мануш Турновски” Ново Село, во состав Владо Ефтимов – Директор, Софче Делева – психолог и класните раководители на VI одделение изготви:

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение**
**на деветгодишно основно образование**

ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село со учениците од VI одделение во учебната 2025/26 година планира да изведе дводневна екскурзија во пролет 2026 година.



**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**

**ДВОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ ЗА**

**УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**Време на реализација: април/мај 2026 год.**

**Учесници:** ученици од VI одделение од ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село
**Релација:** Ново Село – Пробиштип – Кратово – Крива Паланка – Куманово - Скопје
**Место на тргнување:** училишниот двор на  ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село
**Превоз и патување:** превозот на учениците ќе се врши со автобус.

## ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Воспитно-образовни цели**

Со реализација на оваа наставна екскурзија, со општ воспижтно-образовен карактер, цел на оваа екскурзија е да се повторат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, како и да се подлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .

- повторување и утврдување на стекнатите знаења,
- стекнување на суштински систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста
- изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и државата, кон другите народи и држави
- подлабочување на  интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси .

## ЗАДАЧИ

**Образовни**

Стекнување и проширување со нови знаења и утврдување на веќе стекнатите во корелација со повеќе наставни содржини и предмети од општествените и природните науки кои се изучуваат во основното образование или поконкретно со:

-Посета на манастир Гаврил Лесновски-с.Лесново
- Кратово: посета на Радин мост и прошетка низ градот
- Крива Паланка – Посета на манастир Св.Јоаким Осоговски
- Куманово - Опсерваторијата „Кокино“ и Човеков камен
-Посета на град Скопје и неговите знаменитости како посета на Скупи, Природно-научен музеј, Плоштад Македонија, спомен куќа на Мајка Тереза, Стара чаршија и Аеродром: Меѓународен аеродром Скопје.

Стекнување со знаења од животот и работата и културните навики и односи на луѓето во наведените подрачја и градови и со природните убавини на нашата татковина (занаетчиство, трговија, сообраќај, туризам, и сл.)

**Воспитни:**

- воспоставување на блиски, непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичкиот колектив
- развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности
- развивање љубов кон изучување на историјата
- поттикнување и исполнување на позитивните емоционални доживувања
- социјализација и осамостојување

**Кодекс на однесување на учениците за времетраење на екскурзијата**:
- задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија;
- достојно претставување на своето училиште, градот;
- забрана за консумирање алкохол и други недозволени суспстанции;
- забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета;
- забрана за оддалечување од групата;
- почитување на наставниците, соученците и изведувачот на екскурзијата.

*ВРЕМЕТРАЕЊЕ*

Наставно-научната екскурзија „Дводневна научна екскурзија“ за VI одделение ќе се реализира во времетраење од два дена.

*ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ*

***1 ДЕН***
- Поаѓање во 07:00 часот од Ново Село
- Пробиштип –Посета на манастир Гаврил Лесновски-с.Лесново
- Кратово – посета на Радин мост, прошетка низ градот

- Крива Паланка – Посета на манастир Св.Јоаким Осоговски
- Куманово - Опсерваторијата „Кокино“ и Човеков камен
-Тргнување за Скопје и сместување во хотел

***2 ДЕН***

-Посета на град Скопје и неговите знаменитости како посета на Скупи, Природно-научен музеј, Плоштад Македонија, спомен куќа на Мајка Тереза, Стара чаршија и Аеродром Меѓународен аеродром Скопје .

-Тргнување кон Ново Село  во вечерните часови.

**СМЕСТУВАЊЕ**

Сместување ќе се реализира во еден од хотелите кои ги нуди Туристичката агенцијата со која ќе се соработува.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите на жиро сметка на агенцијата што ќе биде избрана за изведување на екскурзијата. Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на шестите одделенија.

Стручен тим за подготовка на  Програмата
за наставно-научна екскурзија за учениците
од VI одделение  од деветгодишно основно образование
Директор – Владо Ефтимов

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година донесен од министерот за образование и наука и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Мануш Турновски" – Ново Село за учебната 2025/2026 година, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ „Мануш Турновски" – Ново Село, во состав: Директор – Владо Ефтимов, Софче Делева – психолог и класните раководители на IX одделение изготви :

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение**
**на деветгодишно основно образование**

ООУ „Мануш Турновски" – Ново Село со учениците од IX одделение на деветгодишно основно образование во учебната 2025/2026 година планира да изведе тридневна екскурзија низ Р. С. Македонија во есен 2025 година или пролет 2026 година.



**ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА**

**ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ**

Реализацијата на оваа наставна екскурзија има општ воспитно-образовен карактер и е со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења. Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста, ќе придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, како и кон другите народи и држави и продлабочување интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

1. **Цел на екскурзијата**

Во согласност со воспитно-образовната работа на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село:

- совладување и проширување на знаењата на учениците
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односите во природаната и општествена средина
- запознавање со културно-историските знаменитости
- развивање патриотски чувства и чувства на припадност кон својата земја
- потикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен преку интерактивни активности
- реазвивање на еколошки навики
- поттикнување на позитивни чувства( успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења,трајност на стекнати знаења)
- едукација, другарувања, рекреација, спортски активности

**Воспитни цели:**

- почитување на културните традиции
- почитување на знаења и искуства на возрасните
- воспоставување, развивање и негување на пријателство
- почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство
- љубов кон татковината

2. **Задачи**

**Екскурзијата треба да обезбеди:**

- изучување и истражување на објекти и појави во појавите во природата како и односите во општествниот живот
- развивање интерес за природата и градање на еколошки навики
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени караеви
- градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот

- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- поттикнување  и манифестирање на позитивните емоции
- социјализација, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
  развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

3. **Содржини и активности:**

- утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина.
- посета на Спомениците - сведоци за историјата и за минатото.
- набљудување и истражување на Убавините на родниот крај.
- запознавање со културните традиции на мојата татковина.

**Образовни:**

Стекнување и проширување со нови знаења и утврдување на веќе стекнатите во корелација со повеќе наставни содржини и предмети од општествените и природните науки кои се изучуваат во основното образование или поконкретно со:
- посета на археолошки наоѓалишта Стоби и Хераклеа;
- посета на споменици и музеи: Македониум-Крушево, Мечкин камен, музејот на Тоше Проески, Самоиловата тврдина, Антички театар, Црквата св. Јован Богослов-Канео, Плаошник, Лихнидос, Св. Наум Охридски – манастирски комплекс; манастирски комплекс С. Јован Бигорски, о. Маврово-Ростуше;
- посета на извори и кањони: Вевчански извори, Вруток, кањонот на реката Радика и на Матка;
- музејскиот комплекс Македонска борба, Природнонаучен музеј во Скопје и посета на повеќе градови низ Македонија опфатени во маршутата во екскурзијата со учениците во IX одделение.
- Стекнување со знаења од животот и работата и културните навики и односи на луѓето во наведените подрачја и градови и со природните убавини на нашата татковина (занаетчиство, трговија, сообраќај, туризам, и сл.)

**Воспитни:**

- развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање љубов кон изучување на историјата;
- поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во тој крај;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности ;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;
- развивање на интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**Кодекс на однесување на учениците за времетраење на екскурзијата**:

- задолжително почитување на законите на Република Северна Македонија;
- достојно претставување на своето училиште, градот;
- забрана за консумирање алкохол и други недозволени супстанции;
- забрана за нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета;
- забрана за оддалечување од групата;
- почитување на наставниците, соучениците и изведувачот на екскурзијата.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од IX оддление на деветгодишно основно образование ќе се реализира во времетраење од три дена

## ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Прв ден:
Поаѓање од училиштето во 7 часот наутро.
Посета на стар град Стоби;
Посета на градот Прилеп – посета на Горен град и Маркови кули

Посета на град Крушево – споменик „Македониум“, Мечкин камен, музејот на Тоше Проески
Посета на градот Битола – Хераклеа и слободна прошетка по Широк Сокак
Пристигнување во доцните попладневни часови во Охрид и сместување во хотел.

Втор ден:
Посета на градот Охрид – посета на Лихнидос: Самоиловата тврдина, Антички театар, црква Св.Јован Богослов – Канео, Плаошник; Залив на коските; Св.Наум Охридски

Трет ден:
Посета на градот Струга
Посета на Вевчани – Вевчански извори
Дебар – Св.Јован Бигорски и Кањон на река Радика
Гостивар – Извор на Вардар: Вруток
Посета на град Скопје –музејски комплекс Македонска борба, Стара чаршија, слободна прошетка
Враќање во вечерните часови во Ново Село.

**СМЕСТУВАЊЕ**

Хотелите „**Десарет“ - „Славија“ - „Бренд**“ - „**Метропол“ - „Бетон**“ се наоѓаат во градот Охрид. Објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот располага со доволен број на соби (двокреветни и трокреветни) за да се сместат учениците, содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена. Хигиената во објектот, кујната и другите простории во хотелот се одржува на високо ниво, а убавата трпезарија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Спортските објекти и терени во непосредната околина ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика, спортските натпреварувања меѓу учениците и друго.
Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектот кој нуди услови и простор за тоа.

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, на жиро сметка на агенцијата што ќе биде избрана за изведување на екскурзијата.

Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на деветите одделенија.

Стручен тим за подготовка  на Програмата
за наставно-научна екскурзија за учениците
од IX одделение  од деветгодишно основно образование
Директор
Владо Ефтимов

**Програма за изведување на ученички екскурзии за учениците од ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, општина Ново Село за учебната 2025/ 2026 година**

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од министерот за образование и наука (бр.12-10853/1 од 04.08.2025 година донесен од министерот за образование и наука и Годишната програма за работа на ООУ„Мануш Турновски“ – Ново Село за учебната 2025/2026, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ„Мануш Турновски“- Ново Село, во состав: Владо Ефтимов - директор, Софче Делева – психолог и одделенските раководители на V (петто) одделение, изготви

**ПРОГРАМА**

**за наставно - научна екскурзија за учениците од V одделение**
**на деветгодишно основно образование**
**за учебната 2025/2026**

Основното училиште ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, општина Ново Село, со учениците од V одделение на деветгодишно основно образование во учебната 2025/2026 година планира да изведе Настава во природа во Струга, во месец мај 2026 година.

- ООУ„Мануш Турновски“ – Ново Село, општина Ново Село
- Место на престој : Струга
- Време на реализација : Мај 2026 година.
- Учесници : учениците од V (петто) одделение од ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, Ново Село
- Релација : Ново Село – Струга – Ново Село
- Место на тргнување: Училишниот двор на ООУ „Мануш Турновски“ – Ново Село, Ново Село
- Времетраење: 5 дена
- Број на ученици: Сите заинтересирани ученици во 5 одделение

- Превоз и патување: превозот на учениците ќе се врши со автобус

## ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Под поимот настава во природа се подразбира организирање и реализирање на воспитно-образовна работа на одредено место или локалитет во природа. Таму учениците добиваат знаења, односно се врши утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на стекнатите знаења од повеќе наставни предмети, но и стекнување на нови преку набљудување, експериметирање, што во училишни услови тешко може да се реализира. Истовремено се обрнува внимание на емоционалниот и социјалниот живот на учениците: воспоставување на пријателски односи меѓу учениците и негување на другарски и хумани меѓусебни односи.

**Цели за предвидената екскурзија:**

- поттикнување и унапредување на здравствената состојба на учениците, правилен психофизички и социјален развој;
- создавање основа за усвојување на активен, здрав и креативен начин на живот и организирање и користење на слободното време;
- проширување на знаењата и стекнување нови знаења и искуства за непосредната природна и општествена средина;
- развивање на еколошката свест и поттикнување на личната и колективната ангажираност на учениците за заштита на природата;
- социјализација на учениците и стекнување на искуства за колективен живот со развивање на толеранцијата и одговорен однос кон себе, другите, непосредната околина и културното наследство;
- запознавање со природните убавини во Западна Македонија;
- проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство на словенскиот народ;
- развивање свест за негување и чување на културното богатство;
- развивање на другарството меѓу учениците;

- поттикнување за истражувачки активности;

**Задачи на планираната настава во природа:**

- развивање на способности за насочено внимание, воочување, селективно воочување и бележење на основниоте својства на објектите како и нивната поврзаност со конкретни општествени и природни услови;
- поттикнување на самостојноста во процесот на стекнување на заења преку непосредно истражувачка работа;
- проширување и продлабочување на знаењата, кои се системски, логички и свесно усвоени, а кои имаат активен и практичен карактер ( може да се користат и применуваат во животот и се издигаат на степен на умеење и навики);
- воочување на знаењата и релација: Природа – човек – стопанство;
- развивање и подигнување на еколошката свест кај учениците, љубопитност; осет за проблемски ситуации; сетливост; упорност и истрајност; интерес за користење на дополнителни извори на знаење (литература, разговори со локално население и со стручни лица); свест за зачувување на природата, природните реткости и други материјални и духовни богатства;
- оспособување за: поврзување факти и класификација на факти според степенот на значење; употреба на различни извори на занење; самостојно учење; практична примена на знаењата во животот:
- развивање на правилни хигиенски-здравствени навики;
- формирање навики за редовна и правилна исхрана, правилно сменување на работата, одморот и сонот;
- поттикнување навики за редовни физички активности за што почест престој на чист воздух во природа;
- разбирање и почитување на разликите помеѓу поединците.

## Планирање на настава во природа - Содржини од наставната програма

При планирањето и организирањето на наставата во природа појдовна основа е природно - научното подрачје со интегрирање на останатите подрачја – македонски јазик, историја и општество, природни науки, математика, ликовно образование, музичко и ФЗО.

Наставата во природа нуди можности за интердисциплинирано поврзување на содржините од различните наставни предмети и другите вонннаставни активности. Планирање на содржините се врши врз основа на наставните програми од задолжителните и изборните програми, од кои се издвојуваат содржините кјои се соодветни за остварување на целите и задачите за настава во природа, а одговараат на условите во кои се реализираат.

**Содржини (теми) од кои е направен избор за реализирање**:

**-Природни науки:** На Земјата се развива жив свет; Разновидност и распространетост на растенијата; Растителни органи.

**-Македонски јазик :** Усно и писмено изразување; Раскажување по сопствено доживување; Опишување.

**-Математика:** Работа со податоци; Прибирање и средување на податоци; Читање и претставување на податоци.

**-Историја и Општество:** Нашата татковина Република Македонија; Спомениците – сведок на нашето минато.

**-Физичко и здравствено образование:** Вежби за обликување на телото, движење и развој на мотиричките способности, Атлетика; Народни ора

**-Ликовно образование -** Сликање; Цртање по набљудување.

**-Музичко образование -** Слуховно пеење на песни

## План на активности

| **ПРВ ДЕН (поаѓање – сместување)** | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| -Запознавње со убавините на Струга и Охридското Езеро;<br><br>- Разгледување и уживање во овој предел од својата татковина кој е богат со многу природни убавини. | **Струга (објектот каде ќе бидат сместени учениците)** | -Пристигнување во Струга и сместување во планираниот објект;<br><br>- Разгледување и запознавње на околината каде ке престојуваат учениците. | **Претпладне** |
| -Запознавање со природните убавини на нашата татковина;<br><br>- Запознавање со Струшката чаршија, воочување сличности и разлики со нашиот град, нашите улици и булевари;<br><br>-Запознавање со занаети и рачна изработка на накити и украси;<br><br>-Развивање и подигање на свест за чување и негување на природното и културното богатство на нашиот народ; | **-Посета на изворот на Црн Дрим;**<br>**-Прошетка низ Струшката чаршија** | - Разгледување и форографирање на изворот на Црн Дрим;<br><br>-Живописна прошетка низ Струшката чаршија;<br><br>- Сликање те. фотографирање на некои објекти кои им го одвлекуваат вниманието на учениците и имаат некое историско или културно значење;<br><br>- Пишување описи, известувања, текстови од обавената посета на Струшката чаршија. | **Попладне** |
| | | | |

| ВТОР ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Откривање и проширување на новите знаења за оваа област;<br><br>-Воочување на градби значајни за историјата на нашиот народ;<br><br>-Развивање на желба за чување и негување на минатотот и историски значајните и вредни наставни и објекти. | **Охрид:**<br>**Посета на историскии културни локалитети и објекти:**<br>**-разгледување на архитектурата на градбите;**<br>**-Лихнидос**<br>**-Антички театра, Плаошник и Сдамоиловата тврдина.** | - Прошетка и разгледување на околината – Одење по различен терен<br><br>-Разгледување, фотографирање и сликање на локалитети од историско значење;<br><br>-Заеднички активности (игровни активности,работилници, изработка на сидни весници, албуми...) | **Претпладне/ Попладне** |

| ТРЕТ ДЕН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Проширување и продлабочување на знењата на учениците за минатото и нашиот народ;<br>- Разгледување на фреските и иконите во посетените цркви и манастири; | **Охрид:**<br>**Посета на Црквата „Св. Софија„ и Манастирот „Св. Наум Охридски„ Прошетка низ Охридската чаршија** | - Разгледување и дискусија за посетените цркви и манастори;<br><br>-Фотографирање, сликање и пишување извештаи од разгледувањето и прошетката;<br><br>- Изготвување албум со собрани материјали (фотографии, цртежи...). | **Претпладне/ Попладне** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Поттикнување на учениците на размислување за културното наследство на нашиот народ;<br>- Подигање на свест кај учениците за природните богатства на нашата татковина. | **Набљудување на езерото** | | |

| **ЧЕТВРТИ ДЕН** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |
| - Запознавање со природните убавини на нашата татковина;<br>- Проширување на знаењата на учениците и стекнување н ови знаења за непосредната природна и општествена средина. | **Посета на Вевчански извори;**<br>**Посета на Природнонаучен музеј во Струга;** | -Набљудување, фотографирање,сликање на Вевчанските извори;<br>- Набљудување, фотографирање,сликање на природнонаучниот музеј; | **Претпладне-Попладне** |

| **ПЕТТИ ДЕН** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Место на реализација** | **Активности** | **Време на реализација** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Развивање способност за снаоѓање и ориентација во простор;<br><br>- Вреднување и ценење на рачните изработки на различни предмети. | **Прошетрка низ Струга и подготовки за заминување** | - Прошетка;<br><br>- Купување на некој сувенир како спомен. | **Претпладне** |

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

- Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите.
- Наставно-научната екскурзија ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија, а која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.
- За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на петтите одделенија.

## СМЕСТУВАЊЕ

Сместување ќе се реализира во еден од хотелите кои се наоѓаат во Струга, а кои објектите ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни за сместување на учениците, (двокреветни и трокреветни соби) содржат добро организирани простори за одржување на личната хигиена и располагаат со соодветни трпезарии и другите пропратни простории за пријатен престој на учениците,со спортски објекти и терени се во непосредната околина и истите ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика,спортските натпреварувања меѓу учениците и располагаат со простории за културно забавен живот на учениците.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

Учениците да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина и истите да ги негуваат и почитуваат. Стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат, како и да се здобијат со нови знаења и искуства. Да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими. Кај учениците да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка.

Стручен тим за подготовка
Програма за наставно - научна екскурзија за
учениците од V одделение од деветгодишно
основно образование за учебната 2025 - 2026 година
Директор
Владо Ефтимов